NSW HEALTH
July 2005
[DOH-7605]

MACEDONIAN

# Туберкулин кожен тест
# Tuberculin Skin Test

## Што е туберкулоза?

- Туберкулоза (ТБ) е болест предизвикана од инфекција со бакетријата *Mycobacterium tuberculosis*. ТБ може да ги оштети белите дробови или други делови од телото и да доведе до сериозна болест.

## Што е тоа Туберкулин кожен тест?

- Туберкулин кожниот тест (ТКТ), познат и под името “Манту тест” (Mantoux test), се користи за да се провери дали сте биле заразени со ТБ.
- Се дава мала инекција под кожата, најчесто на левата подлактица и 48–72 часа подоцна, местото се проверува за да се види дали има некаква реакција (струп) што, можеби, се формирал.
- Струп може да се формира ако сте биле инфицирани со ТБ или сте примиле БЦГ вакцина. Ако се формира струп, тој со време ќе исчезне.
- Еден мал процент од населението ќе има позитивен Туберкулин кожен тест, **но најголемиот број од оние кои се инфицирани со ТБ, нема да ја добијат болеста ТБ.**

## Пред да го направите Туберкулин кожниот тест:

Важно е да и кажете на сестрата:

- Ако имате некаков тип на рак, вклучувајќи и лимфома или болеста Хоџкинс
- Ако примате лекови што влијаат врз имунолошкиот систем, на пр: кортико–стероиди (prednisone), cyclosporin или лекови за хемотерапија (за лечење рак)
- Ако неодамна сте имале инфекција  (во изминатиот месец), на пр: грип, сипаница или бела кашлица
- Ако сте биле вакцинирани (во изминатиот месец) против заушки, сипаница и рубела или вариола (овча сипаница)
- Ако имате ХИВ/СИДА

Ваквите ситуации може да се одразат врз толкувањето и начинот на постапување со Туберкулин кожниот тест.

## Како да го негувате местото од инекцијата

- Не го чешајте
- Не го покривајте со завој, креми или масла
- Ако се појават плускавици, не ги пукајте
- Можете да продолжите со нормалните активности, како одење на работа, спортување и туширање.

## Што се случува после тестот?

- После Туберкулин кожниот тест **морате да се вратите во клиниката после 48-72 часа**, за да може каква и да е реакција да се провери и да се регистрира.
- Некои луѓе, кои што имаат негативен Туберкулин кожен тест, можеби, ќе треба да направат втор кожен тест.

## Зошто се повторуваат Туберкулин кожните тестови?

- Првиот Туберкулин кожен тест може да биде негативен затоа што реакцијата на Турбекулин кожниот тест може да ослаби или да исчезне после извесно време.
- Вториот Туберкулин кожен тест (2–чекор кожен тест) се дава за да го стимулира имунолошкиот систем да произведе реакција која што, можеби, ослабела.
- Лажни позитивни и лажни негативни реакции можат да ги отежнат одлуките за натамошна проверка и лечење. Вториот чекор на Туберкулин кожен тест може да помогне да се разјасни ваквата ситуација.

**Ако имате некакви грижи за тестот откако ќе си отидете од овде, ве молиме да се јавите во клиниката за градни болести.**